**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 2007/2023**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложен доверител Комерцијална Банка АД Скопје од Скопјесо ЕДБ 4030989254937 и ЕМБС 4065573и седиште на ул.Васил Иљоски бр.3, засновано на извршната исправа Нотарски акт Солемнизација – Потврда на приватна исправа – Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ бр.285/09 од 04.11.2009 година на Нотар Кристина Костовска, против заложен должник Стеван Јакимовски од Скопје со живеалиште во с. Кадино бр.41, за спроведување на извршување, на ден 28.03.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во Имотен лист бр.1184 за КО Кадино, со фактичка состојба односно со сите припадоци, прирастоци, доградби и надградби означена како:
ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ
-КП 408, дел 2, на место викано Село, култура гз гиз, со површина од 351 м2, право на недвижност 831;
-КП 408, дел 2, на место викано Село, култура гз зпз 1, со површина од 101 м2, право на недвижност 831;
ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ
-КП 408, дел 2, на ул.9 бр.10, зграда 1, намена на зграда А1, влез 3, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда Г, со површина од 16 м2, право на недвижност 831;
-КП 408, дел 2, на ул.9 бр.10, зграда 1, намена на зграда А1, влез 2, кат К1, број 2, намена на посебен дел од зграда ПП, со површина од 16 м2, право на недвижност 831;
-КП 408, дел 2, на ул.9 бр.10, зграда 1, намена на зграда А1, влез 2, кат К1, број 2, намена на посебен дел од зграда СТ, со површина од 79 м2, право на недвижност 831;
-КП 408, дел 2, на ул.9 бр.10, зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда СТ, со површина од 69 м2, право на недвижност 831; запишано право на сопственост на заложен должник Стеван Јакимовски, како и објекти и делови од објекти согласно фактичка состојба од Геодетски елаборат за идентификација на недвижност со бр.0808-06/3 од 31.01.2022 година, на кој посочува Одговор по заклучок за идентификација со бр.0813-05/3 од 29.01.2024 година за И.бр.2007/2023, изготвени од страна на овластен геодет Друштво за истражување, инженеринг и проценка ГЕО АПРОУЗЛ ДООЕЛ Скопје, попишана со записник за попис на предметна недвижност врз основа на чл.239-а став 1 од ЗИ од 14.02.2024 година, и тоа:
-Објект 1 во рамките на КП 408/2 КО Кадино – кат Мансарда, влез 2, број 2, со вкупна површина од 103 м2, од кои СТ во површина 92 м2 и ПП со површина од 11 м2 и
-Објект 2 со вкупна габаритна површина 26,30м2.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот од 16.02.2024 година, а по предлог на заложниот доверител е определена за второто јавно наддавање и истата изнесува **3.373.205,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Продажбата ќе се одржи на ден **17.04.2024 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса **ул. 8-ма Ударна Бригада бр. 20-А-1/2**.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на заложниот доверител, Налог за извршување и Записник за попис на предметна недвижност.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно 337.321,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 16.04.2024 година.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: Заложен доверител
Заложен должник
Општина Илинден

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.